**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
Су-04 број 118/20
15/12/2020 година
Неготино

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 36 од Законот за судска служба („Сл.весник“ бр.43/14...248/18), по спроведената постапка по Јавниот оглас број 02/2020 под точка 2 за вработување на судски службеник на неопределено време за работно место виш судски референт-извршител во писарница категорија Г ниво 2, 1/еден/ извршител, по доставениот Предлог на кандидат за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување Су-04 број 112/20 од 14.12.2020 година, на ден 15.12.2020 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

За работно место **виш судски референт- извршител во писарница** категорија Г - ниво 2, се избира кандидатот

**ТЕОДОРА БОЈАЏИЕВ**

По правосилноста на ова одлука, за избраниот кандидат да се донесе решение за вработување.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Неготино на ден 04.11.2020 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, објави Јавен оглас бр.02/2020 за вработување на неопределено време на судски службеник за работно место Виш судски референт-извршител во писарница, категорија Г- ниво 2, 1 /еден/ извршител, под точка 2 од огласот.

По спроведената постапка за вработување согласно член 35 став 1 од Законот за судска служба и член 20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на

веродостојноста на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, до Претседателот на судот од страна на Комисијата за селекција за вработување доставен е Предлог на кандидат за вработување, Су-04 број 112/20 од 14.12.2020 година.

Со Предлогот Комисијата за селекција за вработување го предлага кандидатот Теодора Бојаџиев од Неготино, со шифра 20200203, во вкупно освоени 88,05 бодови, како најдобро рангиран кандидат на ранг листата под точка 2 од огласот.

Претседателот на судот, имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за вработување Су-04.бр.112/20 од 14.12.2020 година, а постапувајќи врз основа на член 36 став 1 од Законот за судската служба, за работното место **виш судски референт-извршител во писарница** категорија Г-ниво 2, го избра предложениот кандидат Теодора Бојаџиев од Неготино.

Одлучено во Основен суд Неготино на ден 15/12/2020 година.

**Претседател на судот,**
Билјана Толова

ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО
Република Северна Македонија
НЕГОТИНО

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката до Советот на судска служба преку овој суд.

**Доставено до:**
-сите кандидати на огласот под точка 2
-архива